ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Перцепции на граѓаните за положбата на Исламската верска заедница

## однос кон државата и доверба на верниците


Владимир Божиновски
Марјан Николовски




www.kas.de

# Перцепции на граѓаните за положбата на Исламската верска заедница

## однос кон државата и доверба на верниците

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

# Импресум

**Наслов:**
Перцепции на граѓаните за Исламската верска заедница - односот кон државата и доверба на верниците

**Автори**:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

**Координација**:
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Статистичка/квантитативна анализа:**
Гораст Стојменовски

**Дизајн:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна страница:**
Фотографијата е преземена од canva.com

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# Содржина

Вовед 5

Анализа и заклучни согледувања 9

Демографски карактеристики 13

Табеларен приказ на резултатите 20

# Вовед

Исламската верска заедница е втората најголема верска заедница во државата која обединува, околу една третина од населението кое се изјаснува како муслимани, а воедно и обединува најмалку пет етнички групи, Албанци, Турци, Роми, Бошњаци, но и Македонци, кои се декларираат како припадници на Исламот.

Религија.мк, Институтот за политички истражувања Скопје (ИПИС) и Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) неколку години наназад го спроведуваат проектот за перцепцијата на јавноста за улогата на религијата во мултикултурни и мулти-религиски општества. Во тој контекст овој пат правиме специјализирано истражување на јавното мислење за улогата на Исламската Верска Заедница (ИВЗ) во државата.

Ова истражување е во рамки на истиот проект, кој досега реализираше серија истражувања на јавното мислење.

Улогата на ИВЗ во општеството е огромна, а нејзиното влијание значајно. Токму затоа ова истражување треба да детектира два важни процеси. Едниот е перцепцијата на верниците муслимани за улогата на ИВЗ во општеството. Вториот е влијанието на ИВЗ и Исламот врз секојдневното функционирање на верниците.

Истражувањето е поставено на методолошки и научен концепт кој треба да ја отслика реалната слика во државата.

Во истражувањето се поставени серија прашања кои немаат никаква намера да направат какво било поврзување на ИВЗ со одредени проблематики, туку напротив да се покаже независноста во функционирањето на институциите. Резултатите од истражувањето ќе имаат големо значење и за самата ИВЗ, затоа што преку него ќе има увид на перцепцијата на јавноста (во случајот припадниците на Исламот) за состојбите.

Истражувањето е конципирано по идентичен модел со специјализираното истражување за улогата на МПЦ-ОА во општеството, кое беше претходно спроведено.

За да се има јасна слика, во истражувањето е користен научен методолошки примерок само на испитаници кои себеси се определуваат како припадници на Исламот.

Како и секое претходно истражување и ова е поделено во три категории прашања од кои треба да се добијат веродостојни одговори, од кои подоцна може да се прават поединечни анализи.

Во првиот дел од истражувањето се вклучени прашања кои се однесуваат на индивидуалната определба на испитаниците за религиската припадност, нивниот личен однос кон верата, степенот на практикување на верските обичаи, како и влијанието на Исламот како нивна религија, врз нивниот секојдневен живот. Во оваа група прашања беше користен метод на вкрстени прашања од кои се гледаат перцепциите на испитаниците, но и нивното лично уверување за религијата на која и припаѓаат. Особено важен беше моментот да се добие што пореална слика за декларативната припадност на религијата од една страна и од друга за доследноста во нејзиното спроведување и практикување.

Резултатите од овој сегмент на истражувањето генерално се поклопуваат со јавната перцепција за Исламот и неговите следбеници во Р.С. Македонија, односно како за религија што има значително влијание врз своите верници.

Вториот дел од истражувањето е фокусирано на перцепцијата на верниците муслимани

за институцијата на која и припаѓаат, Исламската Верска Заедница. Прашањата се така конципирани со цел да се добие реална слика на верниците за улогата на ИВЗ во општеството, но од друга страна и да се измери довербата што ИВЗ ја има кај своите верници.

Паралелно со мерењето на довербата на ИВЗ како институција, беше анализирана и довербата на луѓето кои ја водат ИВЗ – поглаварот, муфтиите, имамите.

За секоја верска институција е суштинско важно да има слика на она што нејзините верници мислат за нејзе и за нејзиното раководство, за проблемите со кои се соочува, но и за размислувањето на верниците што треба да биде приоритет на дејствување на самата верска институција. Во тој контекст во овој втор дел од истражувањето беа вклучени прашања за улогата што ИВЗ ја има, и за мислењето на нејзините верници за каква улога треба да има ИВЗ во општеството.

Ова истражување имаше за цел и да открие какво мислење имаат верниците муслимани за односот на ИВЗ и државата, како и односот на ИВЗ и политиката, особено дали и во кој степен политиката има влијание врз ИВЗ.

Последниот трет дел од истражувањето е фокусиран на предизвиците. Од една страна за институцијата ИВЗ, но од друга страна за самите верници.

Честопати горливите прашања што во јавноста се појавуваат како сериозни предизвици за ИВЗ, беа предмет на анализа преку одговорите што верниците муслимани ги даваат. Тука е интересно да се забележи поделеноста во размислувањата на верниците, но и генерално какви се нивните размислувања околу предизвиците и проблемите со кои се соочува ИВЗ.

Од друга страна, кога станува збор за предизвиците со кои се соочуваат самите верници исто така откриваат дека традиционалните сфаќања се неодминлив дел од врската на верниците со својата религија.

Генерално ова е прво вакво истражување, кое е специјализирано насочено кон една група во општеството. Воедно истото го прави специфично вредно затоа што произлезено од внатре од самата структура на Исламот како религија со верници и институции.

# Анализа и заклучни согледувања

## Концепт на истражувањата

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповед, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот Religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мулти-конфесионално општество.“ Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# Методологија на истражување

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РСМ од исламска вероисповед. Националните анкети се спроведуваат со стратификуван примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1116 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањеo и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 37% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

# Анализа

Истражувањето кое е насловено **„Перцепции на граѓаните за положбата на Исламската верска заедница – однос кон државата и доверба на верниците“** е спроведено кон крајот од Мај и почетокот од Јуни 2023 година. Анкетата е направена помеѓу полнолетни испитаници од исламска вероисповед на национално ниво. Целта на истражувањето беше да се проценат перцепциите на верниците околу поддршката, како и улогата и одговорноста на Исламската верска заедница во социјалната сфера на општеството, односно ставовите за ИВЗ, нејзиниот поглавар, муфтиите, имамите, како и актуелниот и посакуваниот ангажман во различни социјални проекти.

Како и во другите истражувања од овој циклус, во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните со исламска вероисповед и нивниот однос кон религијата.

Првото воведно прашање беше ***На која религија и припаѓате,*** при што во случајот ова беше т.н. „филтер прашање“ со оглед дека истражувањето беше со цел да се дознаат ставовите и перцепциите на муслиманите во земјата околу нивниот однос кон ИВЗ, перцепциите за свештените лица од ИВЗ и социјалниот дискурс на Исламската верска заедница. Затоа впрочем, граѓаните кои одговараа на понатамошните прашања во анкетата беа исклучиво припадници на исламската религија. Второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.*** На ова прашање високи 48% кажале дека се религиозни и дополнително 47% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле само 3% од испитаниците. ***На прашањето на која исламска деноминација и припаѓате,*** очекувано 98% изјавиле дека се следбеници на сунитскиот ислам.

Следното прашање беше поставувано и во повеќе други анкети од циклусот *„Република Северна Македонија како мулти-конфесионално општество,“* а како прашање тоа е стандардно и кај истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, а гласеше **Дали верувате дека 1. Бог постои како што е напишано во Куранот, 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или 3. Не постои ни Бог ни виша сила.**

На ова прашање 81% се определиле за првата опција, 16% за втората и само 2% за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила, што е сличен резултат и со одговорите кај муслиманите кога ова прашање беше поставувано во претходните анкети од циклусот. Во претходното истражување од 2022 година кога беше поставено ова прашање, кај муслиманите 79% изјавиле дека веруваат во Бог, 15% во виша сила и само 1% се определиле за третата опција. Овие одговори само ја потврдуваат констатацијата забележена и во претходните анкети дека генерално Северна Македонија е високо религиозна држава со релативно висок процент на религиозна популација кај обете најзастапени религии.

На прашањето ***Кога последен пат сте биле во џамија,*** 20% од испитаниците изјавиле во текот на минатата недела, 31% во текот на претходниот месец, 19% пред неколку месеци, 4% минатата година и 11% изјавиле дека не одат во џамија. Кај претходната анкета овие проценти за муслиманите беа следствено 20, 27, 22, 5 и 11%. *Овие одговори укажуваат дека значаен дел од верниците од исламска вероисповед, релативно често ги посетуваат верските храмови како еден од темелите на практикување на религијата.*

Во следното прашање испитаниците ги искажуваа своите ставови во однос на тоа ***какво е влијанието на религијата во нивниот секојдневен живот.*** На ова прашање високи 71 процент од граѓаните

изјавиле дека исламот има влијание во нивниот живот, од кои 34% одговориле со *големо* и 37% сметаат дека исламот има *донекаде големо* влијание во нивниот живот. За 11% влијанието е мало, а само 7% кажале дека религијата нема никакво влијание во нивниот живот. Од овие резултати може да се заклучи *дека за голем дел од муслиманските верници во државата постулатите на исламот имаат големо или одредено влијание и надвор од религиозните институции, односно во нивниот секојдневен живот*, што се потврдува и со одговорите на следното прашање, односно ***дали практикувате да постите.*** На ова прашање високи 51% од испитаниците одговориле со *да, секогаш* и 30% со *да, понекогаш.* Многу ретко или воопшто не практикуваат да постат само 17% од верниците. Посветеноста на муслиманите кон религијата се забележува и во одговорите на следното прашање ***дали сте го читале куранот или делови од него*** каде високи 50% одговориле со да, 28% не го читале, а 22% од испитаниците не дале одговор.

Во следниот сет од прашања се направи обид да се утврди перцепцијата и влијанието на претставниците, но и на религиозните институции во целина, врз верниците, во овој случај Исламската верска заедница. На прашањето ***Дали за решавање на проблеми/предизвици попрво би побарале поддршка од државните институции или од вашиот имам,*** 36% одговориле од Имамот, додека пониски 32% од државните институции, од што произлегува заклучок дека *за решавање на одредени проблеми верниците имаат слична и дури нешто поголема доверба во својот Имам, отколку во институциите кон кои всушност треба да се насочени за помош при одредени предизвици со кои се соочуваат.*

На прашањето ***дали имате доверба во ИВЗ,*** *најголем дел од испитаниците одговориле дека имаат доверба во Исламската верска заедница*, од кои 23% одговориле со да, целосна и 44% со да, донекаде. Мала доверба во ИВЗ имаат 18%, а воопшто немаат доверба 5% од испитаниците. На прашањето ***дали имате доверба во Поглаварот на ИВЗ,*** *56% од испитаниците одговориле дека имааат целосна или дека донекаде имаат доверба во Поглаварот на ИВЗ,* додека 28% имаат мала или воопшто немаат доверба во него. Кај Муфтиите, 66% имаат целосна или одредена доверба, додека кај Имамите, 74% од верниците изјавиле дека имаат доверба во нив, од кои 39% целосна и 35% имаат донекаде доверба. Од ова произлегува дека *релативно мнозинство од верниците муслимани имаат одредена или целосна доверба во нивните верски лидери.* На прашањето ***кој од муфтиите во ИВЗ најмногу го почитувате,*** 18% од испитаниците се одлучија за Ќенан Исмаили, а по него се Ќани Несими со 14% и Сабахудин Зендели со 8%.

Во следните неколку прашања се истражуваше социјалниот аспект на ИВЗ, односно перцепциите за инволвираноста на ИВЗ во социјалниот живот и општеството. Повеќето граѓани сметаат дека ***ИВЗ е социјално одговорна институција од аспект на хуманост и помош на луѓето и заедницата,*** односно 71% (31% целосно и 40% донекаде). На прашањето ***дали ИВЗ треба да биде повеќе или помалку активна во социјалниот живот на заедницата*** исто така поголем дел од граѓаните одговориле позитивно, односно 65% од вкупниот број испитаници. И ***генералното мислење за улогата на ИВЗ во општеството*** е позитивно, со 40% кои одговориле целосно и дополнителни 32% *со донекаде позитивно.* Од одговорите на овие неколку прашања може да се заклучи дека *перцепцијата за социјалниот аспект на ИВЗ и нејзината инволвираност во општеството е позитивна за повеќето верници, кои би сакале да видат и дополнителен ангажман на ИВЗ во општествениот живот.*

Во следниот сет прашања се направи обид да се детектира перцепцијата за ИВЗ и политичкиот живот во државата. Околу 23% од испитаниците сметаат дека ***ИВЗ е подложна на политички влијанија*** и дополнителни 34% мислат дека таа е *донекаде подложна* на влијанија или вкупно 57% од испитаниците *кои сметаат дека во ИВЗ постојат одредени процеси кои се поврзани со надворешни влијанија од политиката, што се рефлектира и во перцепцијата при избор на поглавар и муфтии.* Така, 18% целосно и 34% донекаде се согласуваат дека ***политиката има***

***влијание при изборот на поглавар на ИВЗ,*** а слични 17% со 32% со изборот на муфтии. Според испитаниците ***политичка партија со најголемо влијание во ИВЗ*** е ДУИ каде 54% од испитаниците кои сметаат дека партиите имаат влијание при изборот на поглавар и муфтии во ИВЗ ја посочиле токму оваа партија. Околу 3% сметаат дека тоа е Беса, исто 3% Алтернатива и 2% ја посочиле Алијанса за албанците како партија со најголемо влијание при изборите во ИВЗ. *Граѓаните се поделени во однос на тоа дали самата ИВЗ треба или не треба да има политичко влијание во јавниот живот,* односно 42% сметаат дека ИВЗ треба или донекаде треба да биде инволвирана во политичкиот живот, додека 41% се делумно или целосно против.

Во следните прашања се бараше мислење околу религијата и верскиот радикализам како една од актуелните теми на ниво на Европа, па и во светот. Во воведното прашање, граѓаните требаше да се определат ***дали за нив е поважна религијата или етничката припадност.*** *За поголем процент од граѓаните со исламска вероисповед религијата е поважна од етничката припадност,* односно 43% одговориле *религија,* додека 30% *етничката припадност.* Во однос на ***верскиот радикализам*** 10% сметаат дека тој е присутен кај поголем дел од популацијата, 25% кај одреден дел, 29% само кај мал дел од населението и 6% сметаат дека нема воопшто верски радикализам. Додека ова прашање беше воопштено за верскиот радикализам и религијата, следните две прашања се однесуваа поконкретно за исламот и каква е перцепцијата за предизвиците на ИВЗ со одредени радикални структури. На прашањето ***колку исламот како религија има проблем со радикални структури*** само 2% од испитаниците одговориле многу, додека 22% се определиле за донекаде. Околу 13% сметаат дека има малку, а 26% сметаат дека исламот нема воопшто проблем со радикални структури. На прашањето ***Дали во ИВЗ има одредени проблеми/предизвици со радикални структури,*** повторно 2% одговориле да и 34% со донекаде да. Со *донекаде не* и *не одговориле* 19% и 11% следствено. На прашањето ***дали во споредба со претходно, проблемот со радикализмот се зголемува, намалува или останува ист,*** 30% одговориле дека се зголемува, 22% дека останува ист и 25% дека се намалува. Може да се заклучи дека *граѓаните донекаде го препознаваат политичкиот ислам како глобален проблем, иако многу мал процент од нив сметаат дека тоа е голем проблем. За повеќето испитаници радикалните структури на глобално ниво постојат, но тие се или донекаде проблем или мал проблем. За четвртина од испитаниците воопшто не постои проблем со радикални структури. Во однос на Северна Македонија каде верниците се многу повеќе информирани околу можни појави на радикални структури, повеќето испитаници се согласуваат дека ИВЗ донекаде има одредени предизвици со нив.*

Во последниот дел од прашалникот, се бараше мислење од припадниците на исламската вероисповед во однос на носењето шамии, бурки или хиџаб. На прашањето ***дали одобрувате носење на шамија*** најголем дел од испитаниците одговориле со да (48%) и донекаде да (28%), додека 12% изјавиле донекаде не и само 5% воопшто не одобруваат носење шамија. Најголем дел од испитаниците, односно 88% сметаат дека носењето шамија е личен избор, без влијание на некој близок или на ИВЗ. На истите прашања, но во однос на ***хиџабот,*** одобрувањето е пониско, односно 25% одобруваат и 24% донекаде одобруваат, а евентуалното носење хиџаб би било личен избор за 77% од испитаниците, додека за ***бурката*** процентите се многу пониски, па така само 10% целосно одобруваат носење бурка и 18% донекаде одобруваат. Доколку некој се одлучи да носи бурка тоа би било личен избор без надворешни влијанија според 58% од испитаниците. Може да се заклучи дека според најголем дел од испитаниците *носењето шамија е личен избор и со оглед дека е дел од традиционалната облека кај жените муслиманки на овие простори, за разлика од хиџабот и особено бурката, шамијата е прифатлива за најголемиот дел од муслиманите во Р. С. Македонија, вклучително и жени и мажи.*

# Заклучок

- **Значаен дел од верниците од исламска вероисповед, релативно често ги посетуваат верските храмови како еден од темелите на практикување на религијата.**

- **За голем дел од муслиманските верници во државата постулатите на исламот имаат големо или одредено влијание и надвор од религиозните институции, односно во нивниот секојдневен живот.**

- **За решавање на одредени проблеми верниците имаат слична и дури нешто поголема доверба во својот Имам, отколку во институциите кон кои всушност треба да се насочени за помош при одредени предизвици со кои се соочуваат.**

- **Релативно мнозинство од верниците муслимани имаат одредена или целосна доверба во нивните верски лидери.**

- **Најголем дел од испитаниците одговориле дека имаат одредена доверба во Исламската верска заедница.**

- **Перцепцијата за социјалниот аспект на ИВЗ и нејзината инволвираност во општеството е позитивна за повеќето верници, кои би сакале да видат и дополнителен ангажман на ИВЗ во општествениот живот.**

- **Поделени се мислењата околу тоа дали постојат одредени процеси кои се поврзани со надворешни влијанија од политиката, што се рефлектира и во перцепцијата при избор на поглавар и муфтии.**

- **Граѓаните се поделени во однос на тоа дали самата ИВЗ треба или не треба да има политичко влијание во јавниот живот.**

- **За поголем процент од граѓаните со исламска вероисповед религијата е поважна од етничката припадност.**

- **Граѓаните донекаде го препознаваат политичкиот ислам како глобален проблем, иако многу мал процент од нив сметаат дека тоа е голем проблем. За повеќето испитаници радикалните структури на глобално ниво постојат, но тие се или донекаде проблем или мал проблем. За четвртина од испитаниците воопшто не постои проблем со радикални структури.**

- **Во однос на Северна Македонија каде верниците се многу повеќе информирани околу можни појави на радикални структури, повеќето испитаници се согласуваат дека ИВЗ донекаде има одредени предизвици со нив.**

- **Носењето шамија е личен избор и со оглед дека е дел од традиционалната облека кај жените муслиманки на овие простори, за разлика од хиџабот и особено бурката, шамијата е прифатлива за најголемиот дел од муслиманите во Р.С. Македонија, вклучително и жени и мажи.**

# Демографски карактеристики

1.1 Табела

| Пол | | |
| --- | --- | --- |
| | Испитаници | Процент |
| Машки | 548 | 49.1 |
| Женски | 568 | 50.9 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.1 Графикон



1.2 Табела

| Возраст | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| од 18 до 29 години | 202 | 18.1 |
| од 30 до 39 години | 218 | 19.5 |
| од 40 до 49 години | 232 | 20.8 |
| од 50 до 59 години | 242 | 21.7 |
| над 60 години | 222 | 19.9 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.2 Графикон



1.3 Табела

| Образование | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до основно | 105 | 9.4 |
| основно | 300 | 26.9 |
| средно | 515 | 46.1 |
| вишо и високо | 196 | 17.6 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.3 Графикон



1.4 Табела

| Професија | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Студент | 55 | 4.9 |
| Вработен во приватен сектор | 449 | 40.2 |
| Вработен државен сектор | 150 | 13.4 |
| Самовработен или сопственик на приватен бизнис | 30 | 2.7 |
| Земјоделец | 19 | 1.7 |
| Пензионер | 194 | 17.4 |
| Невработен | 153 | 13.7 |
| Друго | 66 | 5.9 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.4 Графикон



1.5 Табела

| Етникум | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Албанец | 992 | 88.9 |
| Друго | 124 | 11.1 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.5 Графикон



1.6 Табела

| Место | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Село | 668 | 59.9 |
| Помал град | 60 | 5.4 |
| Поголем град | 221 | 19.8 |
| Скопје | 167 | 15.0 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.6 Графикон



1.7 Табела

| Регион | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Југозападен регион | 170 | 15.2 |
| Полошки регион | 503 | 45.1 |
| Североисточен регион | 96 | 8.6 |
| Скопски регион | 347 | 31.1 |
| Вкупно | 1116 | 100.0 |

1.7 Графикон



# Табеларен приказ на резултатите :

П.1 Дали за себе можете да кажете дека сте религиозен/на?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо |
| **Број на испитаници** | | **1116** | **100%** | **548** | **568** | **202** | **218** | **232** | **242** | **222** | **105** | **300** | **515** | **196** |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | **532** | **47.7%** | 45.8% | 49.5% | 46.5% | 46.8% | 46.1% | 46.7% | 52.3% | 42.9% | 56.7% | 44.7% | 44.4% |
| | Донекаде да | **526** | **47.1%** | 48.7% | 45.6% | 45.0% | 51.4% | 48.7% | 46.3% | 44.1% | 54.3% | 41.0% | 49.1% | 47.4% |
| | Донекаде не | **15** | **1.3%** | 1.3% | 1.4% | 2.5% | 0.9% | 0.9% | 1.2% | 1.4% | 1.0% | 1.0% | 1.2% | 2.6% |
| | Не | **14** | **1.3%** | 1.5% | 1.1% | 2.5% | 0.5% | 0.9% | 1.7% | 0.9% | | 0.7% | 1.7% | 1.5% |
| | НЗ/НО | **29** | **2.6%** | 2.7% | 2.5% | 3.5% | 0.5% | 3.4% | 4.1% | 1.4% | 1.9% | 0.7% | 3.3% | 4.1% |

| | | Професија | | | | | | | | Етникум | | Место | | | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен / сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Југозападен | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **55** | **449** | **150** | **30** | **19** | **194** | **153** | **66** | **992** | **124** | **668** | **60** | **221** | **167** | **170** | **503** | **96** | **347** |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 47.3% | 44.1% | 48.0% | 30.0% | 36.8% | 51.5% | 51.0% | 63.6% | 47.7% | 47.6% | 48.1% | 45.0% | 47.1% | 47.9% | 53.5% | 46.9% | 42.7% | 47.3% |
| | Донекаде да | 43.6% | 49.7% | 45.3% | 70.0% | 63.2% | 44.3% | 44.4% | 36.4% | 47.1% | 47.6% | 48.5% | 45.0% | 44.8% | 45.5% | 39.4% | 48.5% | 51.0% | 47.8% |
| | Донекаде не | 3.6% | 1.3% | 2.0% | | | 1.5% | 0.7% | | 1.5% | | 0.9% | 3.3% | 2.3% | 1.2% | 2.4% | 1.2% | 2.1% | 0.9% |
| | Не | 1.8% | 1.1% | 2.7% | | | 1.0% | 1.3% | | 1.0% | 3.2% | 0.7% | 5.0% | 1.8% | 1.2% | 2.9% | 1.0% | 1.0% | 0.9% |
| | НЗ/НО | 3.6% | 3.8% | 2.0% | | | 1.5% | 2.6% | | 2.7% | 1.6% | 1.8% | 1.7% | 4.1% | 4.2% | 1.8% | 2.4% | 3.1% | 3.2% |

## П.2 На која исламска деноминација и припаѓате?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо |
| **Број на испитаници** | | **1116** | **100%** | **548** | **568** | **202** | **218** | **232** | **242** | **222** | **105** | **300** | **515** | **196** |
| На која исламска деноминација и припаѓате? | Сунитски ислам | **1102** | **98.7%** | 98.5% | 98.9% | 98.5% | 99.1% | 100.0% | 97.5% | 98.6% | 99.0% | 99.7% | 98.1% | 99.0% |
| | НЗ/НО | **14** | **1.3%** | 1.5% | 1.1% | 1.5% | 0.9% | | 2.5% | 1.4% | 1.0% | 0.3% | 1.9% | 1.0% |

| | | Професија | | | | | | | | Етникум | | Место | | | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен / сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Југозападен | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **55** | **449** | **150** | **30** | **19** | **194** | **153** | **66** | **992** | **124** | **668** | **60** | **221** | **167** | **170** | **503** | **96** | **347** |
| На која исламска деноминација и припаѓате? | Сунитски ислам | 98.2% | 98.7% | 98.0% | 96.7% | 100.0% | 99.5% | 98.7% | 100.0% | 98.7% | 99.2% | 98.8% | 93.3% | 100.0% | 98.8% | 97.6% | 99.6% | 100.0% | 97.7% |
| | НЗ/НО | 1.8% | 1.3% | 2.0% | 3.3% | | 0.5% | 1.3% | | 1.3% | 0.8% | 1.2% | 6.7% | | 1.2% | 2.4% | 0.4% | | 2.3% |

П.3 Дали верувате дека_____________?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо |
| **Број на испитаници** | | **1116** | **100%** | **548** | **568** | **202** | **218** | **232** | **242** | **222** | **105** | **300** | **515** | **196** |
| Дали верувате дека ___________? | Бог постои како што е напишано во Куранот | **899** | **80.6%** | 80.3% | 80.8% | 76.2% | 77.5% | 77.2% | 85.1% | 86.0% | 76.2% | 86.0% | 79.2% | 78.1% |
| | Бог не постои како што е напишано во Куранот, но | **174** | **15.6%** | 14.8% | 16.4% | 18.8% | 19.7% | 19.0% | 10.7% | 10.4% | 21.0% | 13.0% | 15.0% | 18.4% |
| | Не постои ниту Бог ниту виша сила | **17** | **1.5%** | 1.6% | 1.4% | 3.0% | 0.9% | 2.2% | 1.2% | 0.5% | | 0.7% | 1.9% | 2.6% |
| | НЗ/НО | **26** | **2.3%** | 3.3% | 1.4% | 2.0% | 1.8% | 1.7% | 2.9% | 3.2% | 2.9% | 0.3% | 3.9% | 1.0% |

| | | Професија | | | | | | | | Етникум | | Место | | | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен / сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Југозападен | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **55** | **449** | **150** | **30** | **19** | **194** | **153** | **66** | **992** | **124** | **668** | **60** | **221** | **167** | **170** | **503** | **96** | **347** |
| Дали верувате дека ___________? | Бог постои како што е напишано во Куранот | 87.3% | 74.4% | 82.0% | 80.0% | 63.2% | 85.6% | 82.4% | 100.0% | 81.7% | 71.8% | 79.3% | 91.7% | 82.8% | 78.4% | 90.0% | 77.5% | 84.4% | 79.3% |
| | Бог не постои како што е напишано во Куранот, но | 9.1% | 20.3% | 15.3% | 16.7% | 36.8% | 10.3% | 15.0% | | 14.9% | 21.0% | 17.5% | 1.7% | 12.2% | 17.4% | 5.3% | 19.1% | 12.5% | 16.4% |
| | Не постои ниту Бог ниту виша сила | 1.8% | 2.0% | 2.0% | | | 0.5% | 2.0% | | 1.4% | 2.4% | 1.0% | 3.3% | 2.7% | 1.2% | 2.4% | 1.6% | 2.1% | 0.9% |
| | НЗ/НО | 1.8% | 3.3% | 0.7% | 3.3% | | 3.6% | 0.7% | | 2.0% | 4.8% | 2.1% | 3.3% | 2.3% | 3.0% | 2.4% | 1.8% | 1.0% | 3.5% |

## П.4 Кога последен пат сте биле во џамија?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо |
| **Број на испитаници** | | **1116** | **100%** | **548** | **568** | **202** | **218** | **232** | **242** | **222** | **105** | **300** | **515** | **196** |
| Кога последен пат сте биле во џамија? | во текот на минатата недела | **221** | **19.8%** | 29.9% | 10.0% | 21.8% | 21.6% | 15.5% | 26.0% | 14.0% | 8.6% | 15.7% | 24.3% | 20.4% |
| | минатиот месец | **347** | **31.1%** | 31.0% | 31.2% | 27.2% | 37.6% | 33.6% | 25.2% | 32.0% | 26.7% | 32.3% | 29.9% | 34.7% |
| | пред неколку месеци | **214** | **19.2%** | 21.2% | 17.3% | 20.8% | 22.0% | 16.4% | 21.9% | 14.9% | 29.5% | 12.0% | 21.0% | 19.9% |
| | минатата година | **42** | **3.8%** | 1.6% | 5.8% | 2.0% | 1.4% | 3.0% | 5.8% | 6.3% | 11.4% | 4.7% | 2.7% | 1.0% |
| | не одам | **127** | **11.4%** | 4.4% | 18.1% | 11.4% | 7.8% | 10.8% | 12.0% | 14.9% | 8.6% | 16.7% | 8.7% | 11.7% |
| | НЗ/НО | **165** | **14.8%** | 11.9% | 17.6% | 16.8% | 9.6% | 20.7% | 9.1% | 18.0% | 15.2% | 18.7% | 13.4% | 12.2% |

| | | Професија | | | | | | | | Етникум | | Место | | | | Регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен / сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Југозападен | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **55** | **449** | **150** | **30** | **19** | **194** | **153** | **66** | **992** | **124** | **668** | **60** | **221** | **167** | **170** | **503** | **96** | **347** |
| Кога последен пат сте биле во џамија? | во текот на минатата недела | 30.9% | 23.2% | 18.0% | 20.0% | 5.3% | 13.9% | 22.9% | 6.1% | 20.1% | 17.7% | 20.1% | 10.0% | 23.5% | 17.4% | 23.5% | 16.9% | 27.1% | 20.2% |
| | минатиот месец | 21.8% | 31.6% | 42.0% | 23.3% | 42.1% | 29.9% | 19.0% | 42.4% | 31.0% | 31.5% | 31.7% | 30.0% | 31.2% | 28.7% | 17.6% | 36.2% | 34.4% | 29.4% |
| | пред неколку месеци | 14.5% | 20.7% | 21.3% | 36.7% | 5.3% | 14.4% | 24.2% | 6.1% | 18.6% | 23.4% | 20.8% | 10.0% | 17.2% | 18.6% | 15.3% | 18.9% | 19.8% | 21.3% |
| | минатата година | 5.5% | 2.7% | 1.3% | 6.7% | 21.1% | 5.2% | 5.2% | 1.5% | 3.6% | 4.8% | 4.3% | 3.3% | 3.2% | 2.4% | 4.7% | 4.4% | 2.1% | 2.9% |
| | не одам | 14.5% | 8.0% | 9.3% | | 10.5% | 16.0% | 15.0% | 19.7% | 12.0% | 6.5% | 12.1% | 21.7% | 8.6% | 8.4% | 28.2% | 8.0% | 4.2% | 10.1% |
| | НЗ/НО | 12.7% | 13.8% | 8.0% | 13.3% | 15.8% | 20.6% | 13.7% | 24.2% | 14.6% | 16.1% | 10.9% | 25.0% | 16.3% | 24.6% | 10.6% | 15.7% | 12.5% | 16.1% |

## П.5 Какво влијание има религијата во вашиот секојдневен живот?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо |
| **Број на испитаници** | | **1116** | **100%** | **548** | **568** | **202** | **218** | **232** | **242** | **222** | **105** | **300** | **515** | **196** |
| Какво влијание има религијата во вашиот секојдневен живот? | Големо | **374** | **33.5%** | 31.8% | 35.2% | 29.7% | 33.9% | 26.7% | 39.3% | 37.4% | 28.6% | 43.7% | 28.7% | 33.2% |
| | Донекаде големо | **416** | **37.3%** | 37.8% | 36.8% | 39.6% | 39.0% | 45.3% | 30.2% | 32.9% | 26.7% | 32.7% | 41.4% | 39.3% |
| | Многу мало | **124** | **11.1%** | 9.3% | 12.9% | 13.9% | 9.2% | 7.8% | 14.9% | 9.9% | 25.7% | 6.3% | 10.3% | 12.8% |
| | Нема влијание | **73** | **6.5%** | 7.5% | 5.6% | 9.4% | 6.4% | 3.9% | 5.8% | 7.7% | 8.6% | 5.7% | 7.0% | 5.6% |
| | Нема одговор | **129** | **11.6%** | 13.7% | 9.5% | 7.4% | 11.5% | 16.4% | 9.9% | 12.2% | 10.5% | 11.7% | 12.6% | 9.2% |

| | | Професија | | | | | | | | Етникум | | Место | | | | Регион | | | |
